Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 435/0306
14.10 20 19 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 7 октомври 2019 година, врз основа на примена жалба од Хелсиншки комитет за човекови права, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**Интернет – порталот Вистина.мк, со текстот насловен „Ана Марија има што да сподели со јавноста: Запознајте ја секси советничката на новата министерка за финансии (фото)“, го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во членот 10.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 16 септември 2019 година, Граѓанското здружение „Хелсиншки комитет за човекови права“ поднесе жалба за текстот со наслов „Ана Марија има што да сподели со јавноста: Запознајте ја секси советничката на новата министерка за финансии (фото)“, објавен на 16 септември 2019 година, на интернет – порталот Вистина.мк (www.vistina.com.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи дискриминација, пристрасност во информирањето, непочитување на личната приватност и нерамноправност на половите.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Вистина“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 10.

***Член 10:*** *„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...).“*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 7 октомври 2019 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, заклучи дека се работи за информација која произлегува од јавниот интерес, но дека веста е обработена неетички и непрофесионално. Се работи за текст без автор, кој пренесува информација за назначувањето на нова советничка во Кабинетот на министерката за финансии, Нина Ангеловска.

Насловот е сензационалистички, а содржината на текстот тенденциозна и со сериозни елементи на стереотипизација и дискриминација по полова основа. Јазикот на авторот содржи провокативни и сексистички коментари, а таквиот новинарски пристап, надополнет со неколку приватни фотографии на советничката, несомнено дискредитира и го доведува во прашање нејзиниот дигнитет и углед. Слободата на говор е неприкосновена, а

носителите на јавни функции треба да подлежат на построг јавен надзор, но тоа не смее да излегува од границите на слобода на изразување.

Оттука, Комисијата најде дека во текстот е прекршен **членот 10** од Кодексот на новинарите, во кој се издвојува завршната реченица од текстот:

***„После ова, веројатно прес конференциите на министерката Ангеловска ќе и бидат полни, а секси советничката рапидно ќе ги зголеми своите односи... со јавноста, се разбира!“***

Етичкиот и професионалниот Кодекс на новинарите им налага посебна одговорност за јавно искажаниот збор, а нивните ставови се важни фактори во обликувањето на јавното мислење.

Медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар), кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза кон некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток, итн.

Професионалниот новинар никогаш нема да зборува за личности врз основа на стереотипи и предрасуди и секогаш треба да избегнува фрази кои во себе носат шовинистички, сексистички или какви било други дискриминаторски конотации.

Комисијата не најде елементи кои упатуваат на нарушување на приватноста, со оглед дека се работи за носител на јавна функција, чии граници на прифатлива критика се пошироки во однос на приватните лица.

* * *

**При своето одлучување, Комисијата ги зеде предвид и:**

***Член 5, точка 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

„Дискриминаторско однесување и постапување е секое активно или пасивно однесување на секое лице од страна на јавните власти, како и од страна на правни и физички лица од приватниот и јавниот сектор во јавниот живот, кое создава основи за привилегирање или депривилегирање на некое лице на неоправдан начин, или кое го изложува на неправеден и деградирачки однос во споредба со други лица во слична ситуација, базирано на која било од дискриминаторските основи“.

***Декларацијата на Комитетот на министри на Советот на Европа за слободата на политичка дебата во медиумите** (872 состанок од 12.02.2004 година), во делот што потсетува дека остварувањето на правото на слобода на изразување со себе носи обврски и

одговорности, за кои вработените во медиумите мора да водат сметка и дека тоа легитимно може да биде ограничено поради одржување рамнотежа помеѓу ова право и почитување на другите основни права, слободи и интереси заштитени со Конвенцијата (член 8).

***Членот 9 од Уставот на РМ**, во кој се вели дека граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет – порталот Вистина.мк (<u>www.vistina.com.mk</u>), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595